У-6.бр.564/2023

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар Анета Стевановиќ - виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот С.П. од Скопје изјавена преку полномошник Владимир Поцевски адвокат од Скопје, против решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр.08-286 од 07.08.2023 година, основ: слободен пристап до информации од јавен карактер, вредност на спорот неопределена, на ден 08.10.2025 година, согласно член 38 став 1 алинеја 2 и член 59 став 1 од Законот за управните спорови, донесе:

Примено / Pranuar 03. 11. 2025
Орг. един. / Njësia 08 | Број / Numri 286 | Прилог / Pranoi

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот С.П. од Скопје, против решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр.08-286 од 07.08.2023 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение, во став 1 од диспозитивот, Жалбата изјавена од С.П. од Скопје преку полномошник Владимир Поцевски адвокат од Скопје поднесена против решението на Државен архив на Република Северна Македонија бр.03-1763/2 од 06.07.2023 година, заведена во Агенцијата под бр.08-286 на 21.07.2023 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, се одбива како неоснована. Во став 2 од диспозитивот на решението, Решението на Имателот на информации бр.03-1763/2 од 06.07.2023 година, се потврдува.

Против наведеното решение, тужителот С.П. од Скопје преку полномошник Владимир Поцевски адвокат од Скопје поднесе тужба поради погрешно утврдена фактичка состојба и поради повреди на процесуалниот и материјалниот закон. Предлага, Судот тужбеното барање на тужителот да го уважи во целост, да го поништи оспореното решение и да го преиначи првостепеното решение на Државниот Архив на Република Северна Македонија Бр.03-1763/2 од 06.07.2023 и да се дозволи пристап до бараните информации од јавен карактер на начин што, на тужителот му се предава фотокопија од решение за национализација број 8935/63 донесено од Собрание на општина Идадија, за одземање имоти за изградба на населба Тафталиџе во Скопје. Понатаму, тужителот наведува дека во случај Судот да оцени дека во овој предмет по природа на работите не може да се постапува во спор на полна јурисдикција тогаш согласно член 178 став 2 од ЗПП в.в. со член 14 став 1 од ЗУС тужителот предлага, Судот да донесе пресуда со која тужбеното барање на тужителот ќе го уважи во целост и ќе го поништи оспореното решение.

Тужениот орган до Судот ги достави списите по предметот и во Одговор на тужба остана во целост на наводите во оспореното решение при што се

произнесе по тужбените наводи на тужителот истакнати во тужбата. Управниот суд го достави одговор на тужба до тужителот, кој во определениот рок не се произнесе по истиот.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужба и списите на предметот, најде:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Согласно член 12 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), Барателот пристапот до информацијата може да го бара усно, писмено или во електронски запис. Согласно став 2 од истиот член и Закон, барателот е должен во барањето да се произнесе за начинот на натамошната комуникација со имателот на информацијата и тоа усно, во писмена форма или во електронска форма. Согласно став 3 од истиот член и Закон, Секој барател врз основа на барање има право на пристап до информација од имателот на информации со кои располага и тоа со увид, препис, фотокопија или електронски запис.

Согласно член 20 став 1 од истиот Закон, Ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение. Согласно став 2 од истиот член и Закон, Решението од ставот (1) на овој член, со кое барањето делумно или целосно е одбиено задолжително содржи образложение за причините поради кои барањето е одбиено и за резултатите од спроведениот тест на штетност. Согласно став 3 од истиот член и Закон, Ако имателот на информацијата во рокот утврден во членот 21 од овој закон не му овозможи на барателот пристап до информацијата и ако не донесе и не му достави на барателот решение се смета дека барањето е одбиено по што барателот може да поднесе жалба до Агенцијата во рок од 15 дена.

Согласно член 21 став 1 од истиот Закон, Имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето. Согласно став 2 од истиот член и Закон, Имателот на информацијата, информацијата ја дава во бараната форма, освен ако бараната информација веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна за јавноста и ако е поповолно за барателот информацијата да се достави во поинаква форма од бараната, за што имателот на информацијата ја образложува причината за ваквиот начин на доставување.

Согласно член 22 став 1 од истиот Закон, Во случај кога имателот на информацијата треба да овозможи делумен пристап до информацијата согласно со членот 6 став (4) од овој закон или поради обемноста на бараната информација му е потребно подолго време од рокот утврден во членот 21 од овој закон, рокот може да се продолжи најмногу до 30 дена од денот на приемот на барањето.

Согласно член 10 став 1 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на

Република Северна Македонија“ бр.60/2020), Имателот на информацијата ја дава информацијата во бараната форма. Исклучок од ова правило е ако бараната информација веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна за јавноста. Согласно став 2 од истиот член и Закон, Ако имателот утврди дека за барателот е поповолно и побрзо бараната информацијата да се достави во поинаква форма од бараната, имателот може да го исконтактира барателот и заеднички да ја договорат формата на бараната информација, по што имателот ќе ја достави бараната информација во договорената форма и ќе ја образложи причината за ваквиот начин на доставување.

Согласно член 10 став 1 од истото Упатство, Имателот на информации е должен по барањето да одговори веднаш, односно најдоцна 20 дена од приемот на барањето. Согласно став 2 од истиот член и Закон, Рокот за одговор може да се продолжи најмногу до 30 дена само кога бараната информација е обемна, или кога на барателот му се овозможува делумен пристап до бараната информација согласно член 6 став (4) од конот. За продолжувањето на рокот, имателот е должен да го извести барателот веднаш, а најдоцна во рок од седум дена од приемот на барањето.

Согласно член 35 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр.96/2019), Судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 38 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, Судот по исклучок од одредбите од член 37 од овој закон одлучува по управниот спор без да одржи расправа само доколку тужителот ја оспорува примената на материјалното право, а не утврдената фактичка состојба.

Согласно член 59 став 1 од истиот Закон, Судот, ќе го одбие тужбеното барање како неосновано, ако утврди дека постапката која претходела на оспорениот управен акт била споредена согласно законот, дека одлуката е правилна и заснована на закон.

Од списите по предметот произлегува дека тужителот С.П. од Скопје до Државен архив на Република Северна Македонија поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.03-1763/1 од 15.06.2023 година, со кое барал да му се даде информација дали архивите на Државниот архив на Република Северна Македонија располагаат со следниот документ: Решение за национализација број 8935/63 донесено од Собрание на Општина Идадија, за одземање на имот/и за изграда на населба Тафталиџе во Скопје. Во полето начин на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација, тужителот заокружил фотокопија, а во начин на доставување на информацијата, тужителот заокружил по пошта.

Постапувајќи по Барањето, првостепениот орган Државен архив на Република Северна Македонија донел решение бр.03-1763/2 од 06.07.2023 година со кое, го уважил Барањето на тужителот по предметот Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во образложенито на решението првостепениот орган го упатил тужителот да поднесе Барање за издавање извадок од решението за национализација, како и го известил тужителот дека бараната информација односно цитираното решение од неговото

барање е групен акт, и во него има податоци за повеќе лица, и затоа потребно е да наведе конкретно кое лице или лица од актот се предмет на интерес, по што би му бил издаден извадок од наведеното решение, а којшто би се наплатил според Ценовникот за административна такса, надоместоци и услуги што ги врши Државниот архив бр. 01-2552/1 од 01.12.2020 година. Исто така, првостепениот орган во образложенитето на решението го известил тужителот дека Државниот архив за барања на информации од ваков карактер, се води и работи според донесените правилници, упатства и Ценовникот за административна такса, надоместоци и услуги што ги врши Државниот архив, односно според начинот на постапување со барања од ваков карактер, при тоа цитирајќи одредби од Упатството за процедурите за работа во Секторот за заштита на архивски материјал во Државниот архив.

Незадоволен од ваквото решение останал сега тужителот, кој поднел жалба до тужениот орган Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, кој постапувајќи по жалбата ја утврдил фактичката состојба потребна за одлучување по предметот и го донел сега оспореното решение бр.08-286 од 07.08.2023 година.

Управниот суд, имајќи ја предвид ваквата фактичка и правна состојба во конкретниот предмет оцени дека правилно тужениот орган одлучил кога со оспореното решение ја одбил како неоснована жалбата на тужителот изјавена против првостепеното решение бр.03-1763/2 од 06.07.2023 година, наоѓајќи дека првостепениот орган правилно ја решил оваа управна работа, согласно со правилата на постапката, целосно и правилно ја утврдил фактичката состојба, правилно го применил материјалното право и донел правилно и законито решение. За својата одлука тужениот орган дал јасни, аргументирани и непротивречни причини, кои во целост како правилни ги прифаќа и овој суд. Судот цени дека оспореното решение е јасно и разбирливо, содржи доволно образложени причини за решителните факти и истото е донесено во согласност со одредбите од Законот за општата управна постапка.

Тужителот во тужбата наведува дека тужениот орган не одговорил на жалбените наводи на тужителот, а одбивателните причини се неосновани и незаконити. Наведува дека во конкретниот случај тужителот прво културно прашал, а потоа и побарал од имателот на информации да му достави Решение за национализација Бр. 8935/63 донесено од Собрание на општина Идадија за одземање на имоти за изградба на населба Тафталице во Скопје, во фотокопија штое е наведено во став 3 од Барањето. Наведува дека оттука тужениот орган не го почитувал Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.03-1763/1 од 15.06.2023 година, ниту пак конкретно одговорил на жалбените наводи и причини. Понатаму наведува дека дополнително бидејќи не е спроведен никаков тест за ризик поврзано со бараната информација, сите дополнителни укажувања, посебни барања и условувања од страна на имателот на информацијата и тужениот орган се спротивни на закон, на штета исклучиво на тужителот, па дури и на јавниот интерес. Наведува дека тужителот е согласен сите материјални трошоци кои ќе настаната или се поврзани со доставувањето на информацијата да ги сноси на своја сметка, без разлика на висината на износот и за ова тужителот не се оградил во барањето, ниту пак ги спори. Понатаму во тужбата наведува дека бара тужениот орган да ја образложи својата теза зошто смета дека тужителот постапувал во личен интерес, кога предмет на интерес е акт за

одземање имот/и за изградба на населба Тафталице во Скопје, со кои се опфатени повеќе лица, поширок јавен интерес, како што е наведено во одговор на жалба од страна на имателот на информацијата како и да достави докази во врска со спроведен тест за ризик во врска со бараната информација.

Судот ги ценеше наводи на тужителот во тужбата но истите ги одби како неосновани и без влијание за поинакво одлучување. Имено Судот укажува дека од списите во предметот јасно произлегува дека Државен архив на Република Северна Македонија со првостепеното решение го уважил Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.03-1763/1 од 15.06.2023 година поднесено од сега тужителот, и во образложението на решението го известил тужителот дека Државниот архив располага со бараната информација односно цитираното решение во неговото барање и го упатил тужителот да поднесе Барање за издавање изводок од решението за национализација со укажување дека за барања на информации од ваков карактер, Државниот архив се води и работи според донесените правилници, упатства, Ценовникот за административна такса, надоместоци и услуги и Упатството за процедурите за работа во Секторот за заштита на архивски материјал во Државниот архив односно според начинот на постапување со барања од ваков карактер. Согласно ова, Судот цени дека во конкретниот случај правилно постапил првостепениот орган кога го донел првостепеното решение потврдено со сега оспореното решение, а тужителот бил должен да постапи по укажувањата на Државниот архив дадени во првостепеното решние односно да поднесе Барање за издавање изводок од решението за национализација поради тоа што за барања на информации од ваков карактер Државниот архив се води и работи според донесените правилници, упатства, Ценовникот за административна такса, надоместоци и услуги што ги врши Државниот архив и Упатството за процедурите за работа во секторот за заштита на архивски материјал во Државниот архив. Судот укажува дека тужителот во конкретниот случај бил должен да ги почитува донесените правилници, упатства, Ценовникот за административна такса, надоместоци и услуги што ги врши Државнио архив и Упатството за процедурите за работа во секторот за заштита на архивски материјал во Државниот архив, па во тој случај доколку не ја добиел бараната информација или пак не бил задоволен од бараната информација, можел да поднесе жалба до тужениот орган.

Согласно погоренаведеното, Судот цени дека правилно тужениот орган утврдил во оспореното решение дека тужителот во конкретниот случај свесно избегнува да поднесе стандаризрано Барање од надлежност на Државниот архив и за издавање на споменатиот документ да уплати сума согласно законски утврдениот Ценовник, и дека согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот за пристап до информации од јавен карактер е една од странките во спорот и истиот своето право го остварува согласно одредбите од други материјални закони и подзаконски акти и дека тужителот во конкретниот случај неосновано се повикал на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесувајќи барање за пристап до информации од личен интерес, односно побарал документ од надлежност на Државниот архив, а кој подлежи на стндарна процедура за издавање.

Оттука, Судот цени дека од изведените докази во текот на управната постапка, врз основа на правилно спроведена постапка, со сеопфатна оценка на секој доказ посебно и на сите докази заедно, тужениот орган правилно ја

потврдил фактичка состојба утврдена од страна на првостепениот орган во обжаленото решение и притоа правилно го применил материјалното право и донел правилно и законито решение кога жалбата на сега тужителот против превостепеното решение бр.03-1763/2 од 06.07.2023 година ја одбил како неоснована.

Управниот суд имајќи предвид дека тужителот видно од наводите во тужбата не ја спори фактичката состојба, туку единствено ја спори правилната примена на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер односно правилната примена на материјалното право, Управниот суд ја донесе оваа пресуда без одржување на јавна расправа согласно член 38 став 1 алинеја 2 од Законот за управните спорови. Судот укажува дека, согласно член 90 став 1 од Законот за управните спорови, судот е должен постапката да ја спроведе без одолжување, во разумен рок, со што помалку трошоци и да ја оневозможи секоја злоупотреба на правата што на странките им припаѓаат во постапката.

Со оглед на наведеното, согласно член 38 став 1 алинеја 2 и член 59 став 1 од Законот за управните спорови, Судот одлучи како во изреката на пресудата.

Пресудено во Управен суд на 08.10.2025 година, под У-6.бр.564/2023.

Записничар - виш судски соработник
Анета Стевановиќ

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави до:
- тужителот преку полномошник
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

НК/